Australian Government
Department of Home Affairs

AMEP
Adult Migrant English Program

# Грижа за деца во Програмата за Англиски Јазик за Возрасни Мигранти (Adult Migrant English Program)

Дали ви е потребна грижа за деца за да можете да присуствувате на часовите на Програмата за Англиски Јазик за Возрасни Мигранти (Adult Migrant English Program - AMEP)? Кога сте во AMEP клас, за вашите деца кои се од предучилишна возраст, достапна е бесплатна детска грижа.

Вашиот давател на услуги на AMEP ќе се обиде да организира детска грижа што е во рамките на 30 минути од вашиот дом или AMEP клас. Сепак, Ова можеби не е секогаш можно. Давателите на услуги на AMEP ќе се потрудат да ви ја најдат најблиската установа за згрижување деца.

Давателите на услуги на AMEP ќе организираат грижа за деца што се совпаѓа со почетокот на вашиот AMEP курс. Тие, исто така, ќе се обидат да обезбедат грижа за децата за деновите кога сте на час. Понекогаш, местата може да не се достапни веднаш или може да ви биде понудено делумно сместување за детска грижа додека чекате да станат достапни дополнителни денови.

Бесплатна грижа за деца е обезбедена само додека присуствувате на AMEP час. Не е достапна за активности кои се надвор од времето на часовите на AMEP. Кога не присуствувате на AMEP час или ако сте завршиле со школувањето, мора да направите ваши свои аранжмани за грижа за децата. Ако вашето дете или деца нема да посетуваат детска грижа некое време, важно е да го известите вашиот давател на услуги на AMEP. Ова е за да може да се прилагодат сите резервации направени во име на вашите деца.

Ако пропуштите многу AMEP часови, давателот на услугата може да го откаже вашето сместување за детска грижа. Ако се вратите во AMEP, повторно ќе имате пристап до бесплатна детска грижа, но може да има почекување повторно за место достапно за сместување во објект за детско згрижување.

Кога ќе ги користите услугите за детска грижа, вашиот давател на услуги на AMEP може да ви понуди низа опции за да можете да го започнете вашето учење што е можно поскоро. На пример, може да биде побарано да:

- Учите во центар на заедницата со установа за згрижување деца на лице место
- Патувате подалеку отколку што можеби сакате
- Учите со учител-волонтер или преку учење на далечина додека не биде достапно место за згрижување деца.

Ако решението за детска грижа не ги задоволува вашите потреби, треба да разговарате за ова со вашиот давател на услуги на AMEP.

За повеќе информации за грижата за децата, ве молиме разговарајте со вашиот давател на услуги на AMEP.